


**УНИВЕРЗИТЕТ**
**“Св. Кирил и Методиј” – Скопје**

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

# Студиска програма

# Електроенергетика управување и менаџмент (ЕЕУМ)



**www.feit.ukim.edu.mk**

**Електроенергетика, управување и менаџмент (ЕЕУМ)**

Компаниите во електроенергетскиот сектор се повеќе се соочуваат со динамична работна околина на големи технолошки промени и работа на комплексни проекти. Новата деловна политика на компаниите треба да се прилагоди на брзите промени каде е потребно знаење и вештини при апликации на новите технологии и снаоѓање во сложената проектна околина. Денес, компаниите во електроенергетиката бараат комплетни стручни кадри – инженери кои имаат знаења и вештини од *управување на техничките системи во електроенергетските објекти,* што денес не може да се замисли без новите информатичко-комуникациски технологии и *менаџмент* применет на работата на проекти од фазата на градба па се до долгогодишна експлоатација на ЕЕ објекти.



Во рамките на студиската програма ЕЕУМ студентите изучуваат технологии за производство на електрична енергија од класични и обновливи извори; разводни постројки и управувачки системи во ЕЕ системи; методи за планирање, проектирање, градба и заштита на ЕЕ објекти; современи софтверски алатки за анализа и решавање на инженерски проблеми, методи за рационално користење на електричната енергија, како и менаџерски вештини и техники на проектниот менаџмент.

**Цели на студиската програма ЕЕУМ**

Целта на студиската програма ЕЕУМ е да едуцира нов и современ електроенергетичар со солидно теоретско знаење во базичните области на електроенергетиката (производство на електрична енергија, електрични постројки и потрошувачката на ел. енергија) и добра практична перспектива и вештини во совладување на инженерските задачи.

Со стекнатите компетенции, програмата ќе им овозможи на дипломираните студенти да се соочат со енергетските предизвици во новата технолошка и економска околина, како почитување на аспектите на животната средина, енергетска ефикасност, квалитетот и конкурентската предност во услови на пазарна економија. Сето ова наложува изучување и примена на нови технолошки решенија во енергетиката, софистицирано компјутерски базирано управување и менаџерска анализа.



Со студиската програма ЕЕУМ дипломираните студенти ќе ги стекнат следните компетенции:

- Солидно стручно знаење во технологиите застапени во модерната електроенергетика,
- Способност за аналитички пристап и охрабрување за донесување одлуки со: идентификација и разбирање на задачите и можностите, развој на релевантни критериуми и споредба на информациите од различни извори, користење на ефикасни пристапи и методи, како и согледување на последиците од преземените активности.
- Познавање на менаџерските вештини, техники и основите на проектниот менаџмент со што студентите ќе можат успешно да водат проекти како проект-менаџери или работат како Прво-ниво на менаџери (*Project menagers and First-line managers*).

Дипломираните инженери од оваа студиска програма ќе можат да креираат сопствен бизнис или пак да се вработат во некоја од постоечките компаниите кои се занимаваат со: производство на електрична енергија од класични или обновливи извори; трговија, пренос и дистрибуција на електрична енергија; менаџмент, проектирање, градба, заштита, автоматизација и управување на електроенергетски објекти; консултантски услуги од областа на проектен менаџмент, студии и техничко-економски анализи, енергетска ефикасност и околина и сл.

**Кадровски потенцијал и опременост**

Институтот за електрични централи и разводни постројки, носител на студиската програма, веќе подолг период работи во насока на оформување на стручно знаење, ресурси и опрема за реализација на ваква програма. Институтот е опремен со најсовремена опрема и најсовремени софтверски алатки за испитување, моделирање и симулација на ЕЕ постројки. Според кадровската структура, Институтот за ЕЦРП го сочинуваат: проф. д-р. Вангел Фуштиќ – раководител на Институтот, проф. д-р. Антон Чаушевски – раководител на Лабораторија за релејна заштита, проф. д-р. Кирил Коцев – раководител на Лабораторија за соларна енергетика, проф. д-р Атанас Илиев, доц. д-р. Димитар Димитров, доц. д-р. Софија Николова-Поцева, асс. м-р Невенка Китева Роглева. Во рамките на Институтот успешно работат Лабораторијата за Релејна заштита и Лабораторијата за соларна енергетика како и Центарот за проектен менаџмент.

***Лабораторијата за Релејна заштита*** е наменета за практична и теоретска настава по предмети на студиската програма ЕЕУМ, научно-истражувачка работа, апликации и соработка со стопанството.



Лабораторијата е високо афирмирана во нашата земја, посебно во нашето електростопанство преку голем број теоретски и научни придонеси во развојот на системите за заштита.



**Лабораторијата за соларна енергетика** е опремена со современи компоненти на фотоволтаичните системи, како и со опрема за мерење и регистрирање на релевантните електрични и метеоролошки величини. Опремата овозможува изведување на различни апликативни и научно-истражувачки активности.

***Центарот за проектен менаџмент*** - организира студентски и експерски семинари од областа на проектниот менаџмент, воспоставува потесна врска меѓу стопанството и факултетот преку активно вклучување во тековните проекти.